YU ISSN 0350-6452

ДРУШТВО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА НА МАКЕДОНИЈА

7

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

YU ISSN 0350-6452

7

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

СКОПЈЕ 1980

ЛИКОВНА УМЕТНОСТ
Год. V бр. 7 1979

СПИСАНИЕ НА ДРУШТВОТО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА
ОД СРМ, СКОПЈЕ

Редакциски одбор:

Проф. Димче Коцо
Д-р Константин Петров
Д-р Коста Балабанов
Д-р Петар Миљковиќ—Пепек
Д-р Борис Петковски
Антоние Николовски
Љубица Дамјановска
Загорка Расолкоска—Николовска
Трајан Витларски

Одговорен уредник
Антоние Николовски

Тех. уредник
Трајан Витларски

Јазична редакција
Евтим Манев

Коректор
Спиро Ристиќ

Зборникот се печати со средства на Републичката заедница за култура и Друштвото на историчарите на уметноста од СРМ

Адреса: СОЗТ Музеи на Македонија

Печати Граф. завод „Гоце Делчев", Скопје, Тираж 1 000 примероци

*ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ*

## I ЈУГОСЛОВЕНСКО ТРИЕНАЛЕ „ЕКОЛОГИЈА И УМЕТНОСТ“

Југословенското триенале „Екологија и уметност“[1] дојде во време кога сè повеќе се согледува акутноста на проблемите од загадувањето и зачувувањето на човековата околина, како и одразот што таа тема го наоѓа во делата на југословенските ликовни уметници. Ова триенале, како впрочем и другите ликовни манифестации од ваков сеопфатен карактер, даваат панорамски преглед на значителен дел од актуелните тенденции во југословенска ликовна уметност видена во светлината на определената тема.

Југословенските уметници, во контексот на своите основни ликовни преокупации и интересирања за светот во кој живеат, одгледуваат мотиви што се поврзуваат со актуелните еколошки проблеми. Во таа смисла, каква било селекција да се направи во овој момент, секогаш се пронаоѓаат допирни точки, помалку или повеќе директни, со темата затоа што таа ја опфаќа сета комплексност условена од односот на човекот кон природата, неговата духовна и физичка стварност. Една од главните задачи на Триеналето, поставено врз најширока основа, е да ги поттикне и насочи творечките потенцијали на југословенските уметници кон едно поконкретно и ликовно ангажирање во третирањето на оваа проблематика.

За разлика од некои други манифестации од ваков карактер, југословенското триенале „Екологија и уметност“ добива и една битна идејно-содржинска компонента што се состои во помалку или повеќе директно предупредување и апел за една поширока општествена акција за зачувување на човековата средина, а со тоа и на биолошкиот опстанок, на психофизичкиот и социјален интегритет на човекот. На повеќестраните можни пристапи на оваа тема, од социолошки, антрополошки аспект итн. Со ова триенале се отвораат можности и за нејзино посеопфатно уметничко, ликовно-естетско и теоретско продлабочување.

Во стилско-технички поглед на изложбата беа застапени речиси сите видови ликовно изразување, од класично до концептуалистичко.

Учесниците на Првото триенале „Екологија и уметност", имајќи го предвид пристапот и начинот на третирање на оваа тема, можат да се поделат во три основни групи на насоченост или ориентација.

Во првата спаѓаат оние автори што директно и ангажирано пристапуваат кон еколошката проблематика, регистрираат акутни состојби и се однесуваат мошне критично кон определени појави и ситуации. Во тој поглед се издвојува Центарот за мултимедиски истражувања на Студентскиот центар од Загреб, кој ја доби главната премија на триеналето „ЕКО 80". Тука може да се споменат и следниве автори: Иван Дворшак, Змаго Јерај, Андријана Мараж, Јанез Бољка, Бекир Мисирлиќ, Иво Фришчиќ, Никола Којдл, Едита Шуберт, Агим Чавдарбаша, Танас Луловски, Васко Ташковски, Душан Перчинков, Никола Фидановски, Мирољуб Стаменковиќ, Младен Маринков, Милан Станојев, Никица Раичевиќ и др.



Сл. 1. Јован Величковиќ, „Запуштени моторни возила во Загреб".

Во втората група спаѓаат уметници кои со носталгија се навраќаат на мотиви од недопрената и неоштетена природа која е веќе минато. Тие, на романтичен и помалку наивен начин се залагаат и укажуваат на акутноста на проблемот на зачувување на природата во сета нејзина изворна чистота и виталност. Такви предлози можеме да најдеме кај следните автори: Јосип Алебиќ, Ратко Лалиќ, Владимир Додиг, Есат Вала, Вангел Наумовски, Здравко Мандиќ, Филип Јанковиќ и др.

Третата група уметници се издвојува по својот став кој, во помала или поголема мера, претставува визија или некаков проект за идниот, поблизок или подалечен, можен поредок во пошироките човечки простори. Такви ликовни трансценденции и предлози на оваа тема среќаваме во најразновидните остварувања на следниве уметници: Мира Халамбек-Венцлер и Антоанета Пасиновиќ, потоа Ранко Радовиќ, Слободан Малдини, Дејан Ечимовиќ, Александар Цветковиќ и Божидар Дамјановски, Драган Мојовиќ и др.

Откако ќе се сумираат искуствата од ова прво триенале кое, како впрочем и сите ПРВИ и на некој начин „експериментални" ликовни манифестации, покажува извесни недоизградености и недо-



Сл. 2. Танас Луловски—Тане „Исушени калинки“, (1978)
1978, акрил-платно

речености, може да се очекува на наредните презентирања да се доаѓа поблиску и поконкретно до поставената цел на ова триенале. А тоа е, како што е тоа погоре набележано, насочување на творечките потенцијали на југословенските ликовни уметници кон ликовно-естетска и пластична транспозиција и обработка на еколошката тематика, со што се проширува и збогатува медиумот на ликовната уметност а се афирмираат определени содржини што можат да почнат и поширока општествена акција за решавање на присутните ситуации и проблеми.

Нашите очекувања се чинат оправдани кога се знае дека постојат повеќе уметници кои во своите дела третираат определени содржини блиски на оваа тематика, а беа застапени на триеналето. Така, од македонските уметници (освен седумте учесници на триеналето: Никола Фидановски, Жарко Јакимовски, Данчо Ордев, Танас Луловски, Душан Перчинков, Васко Ташковски и Вангел Наумовски), може да се спомена уште и овие автори во чии дела може да се согледаат определени врски со оваа тема: Петар Хаџи Бошков, Родољуб Анастасов, Симон Шемов, Дарко Марковиќ, Владимир Георгиевски, Трајче Димчевски итн.

[1] Првото југословенско триенале „Екологија и уметност“ беше отворено во Марибор од 21. XI до 21 XII 1980 година.

## СОДРЖИНА

стр.

1. *Проф. Др. Константин Петров,* Уште една потврда за припадноста на протомајсторот скулпторот од Св. Атанас во Лешок кон Приморската уметничка сфера — — — — — — — — — — — — — — — 3
2. *Борис Петковски,* Автопортретот во творештвото на Никола Мартиноски — — — — — — — — — — — — — — — — — — 11
3. *Соња Абаџиева Димитрова,* Една средба со сликарството на Вангел Наумовски — — — — — — — — — — — — — — — — — 27
4. *Лилјана Неделковска,* Димо Тодоровски* — — — — — — — — 39
5. *Загорка Расолска-Николовска,* Новооткриената фреска на Богородица Одигитрија во црквата Св. Никола во Зрзе — — — — — — — — 47
6. *Лидија Кумбараџи-Богоевиќ,* Споменичниот комплекс околу Султан-Муратовата џамија во Скопје — — — — — — — — — — — — 57
7. *Спасе Спировски, Советник-конзерватор,* Конзерваторски интервенции врз фреските во манастирската црква Св. Пантелејмон, с. Нерези — Скопско, во текот на 1963—64, 70, 71 и 72 г. — — — — — — — 63
8. *Спасе Спировски, советник-конзерватор,* Конзерваторски работи врз фреските во манастирската црква Свети Никита — Скопско — — 69
9. *Драгољуб Богоевиќ,* Значењето и улогата на образовната и културно-педагошката дејност на музејот на современата уметност „Скопје“ во Скопје — — — — — — — — — — — — — — — — — — — 79
10. *Желимир Кошчевиќ* Некои искуства од наставата по музеологија на Филозофскиот факултет во Загреб — — — — — — — — — — — 83
11. *Владимир Величковски,* Михо Чокеља — повеќестрани ликовни интересирања — — — — — — — — — — — — — — — — — — 88
12. *Владимир Величовски,* I југословенско триенале „Екологија и уметност“ — — — — — — — — — — — — — — — — — — — — 91
13. *Љ. Дамјановска,* Добитници на наградата „Нерешки мајстори“ на XXXV есенска изложба на ДЛУМ во 1980 година — — — — — 95
14. *Трајан Витларски,* Хроника кон семинарот за поствизантиска уметност — Белград 1980 год. — — — — — — — — — — — — 99
15. *Соња Панчевска,* Хронологија на настани од областа на македонските современи ликовни и применети уметности (Октомври 1979 — декември 1980) — — — — — — — — — — — — — — — — — — 103

16. *Јасмина Чокревска—Филип,* John Pope — Hennessy „Italian gotic skulpture“ во издание на Phaidon press, London 1972 — — — — — — 119

17. *Јасмина Чокревска—Филип,* Alan Borg „Architectural sculpture in romanesque Provance“ во едицијата Oxford studies in the history of art and architecture, во издание на Oxford university press, London 1972 — — — — — — — — — — — — — — — — — 121

18. *Јасмина Чокревска—Филип,* Ernst Kitzinger „The art of Byzantium and the medieval west“ — selected studies во издание на Indiana University Press, 1976 — — — — — — — — — — — — — — — 125

